-

# ***ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО***

# ***И З В Е Ш Т А Ј***

## ***ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИОТ СУД КИЧЕВО***

## ***ЗА 2оо6 ГОДИНА***

***КИЧЕВО ФЕВРУАРИ 2оо7 ГОДИНА***

# ***ВОВЕД***

Основниот суд во Кичево во текот на извештајната 2оо6 година ја извршуваше својата функција која е утврдена со Уставот на Република Македонија, а во рамките на утврдените надлежности согласно Законот за судовите и судскиот деловник. Целокупната работа се одвиваше во правец на извршување на утврдените надлежности и програмираните задачи, а ова со единствена цел да допринесе за реализација на организационата поставеност, кое нешто се оствaруваше согласно распоредот за работа на судиите и другите вработени во судот. Ваквата работа ќе биде прикажана пооделно во кривичен и граѓански оддел кој функционираат во овој суд.

Согласно Одлуката за определување на бројот на судиите во сите Основни судови , бројот на судиите кој беа вклучени во реализација на работните задачи вклучувајќи го и претседателот на судот, во овој суд утврдени се 17 судии. Сите судии во текот на извештајниот период беа ангажирани во распоредот за работа , со тоа што во извештајната година поточно од мај месец 2оо6 година беше испразнето едно судиско место поради разрешување на судија од судската функција. Во текот на извештајната година по 8 судии извршуваа работи по одделите, вклучувајќи го и претседателот на судот кој зеде учество со решавање на предмети од кривичниот оддел покрај што извршуваше и други задачи согласно Деловникот за работа како и со Законот за судовите.

Во текот на извештајниот период Основниот суд во Кичево ја продолжи континуираната работа во афирмирањето и унапредувањето на принципот на уставност и законитост во работењето, како и во јакнење на правниот систем во нашата Држава. Во таа смисла оствари решавање на сите видови на предмети и вложи напори да се решат што е можен поголем број на предмети со цел да се постигне поголем степен на ажурност во работењето.

Покрај активноста на претседателот и судскиот колегиум се вклучи во реализација на погоре наведените принципи, и ја контролираше работата на судот воопшто преку одржување на редовни и вонредни судски колегиуми посебно ги разгледуваше сите резултати од работењето , квалитетот и квантитетот на решените предмети, состојбата со нерешените предмети, посебно старите предмети, при што приоритет даваше на решавање на стари предмети .Во иста насока се одржуваа седници на судии на кривичен и на граѓански оддел каде што се расправаше по конкретни правни прашања, по специфични предмети, се пратеше судската пракса на повисоките правосудни органи и се завземаа ставови и заклучоци за подобро и поефикасно постапување по предметната работа.

Во овој извештај ќе биде прикажана целокупната работа на овој суд преку изнесување на податоците на нерешените предмети од претходниот период потоа ново примените предмети по сите видови, вкупниот обем на работа кој се состои од решени и нерешени предмети како на ниво на судот така и на секој судија поединечно и остатокот на нерешените предмети на крајот од тековната година со давање на оценка за севкупната ангажираност на судот и поединечната ангажираност на секој судија,за таа цел ќе бидат дадени и сравнувачки показатели за обемот на работењето на судот во извештајната година со претходниот период.Исто така ќе бидат дадени анализи на завршени предмети по

видови по однос на поедини кривични дела со изречени видови на кривични санкции, време траењето на постапките по овие предмети анализа на предметите од граѓанската свера стопанските предмети со давање на оценка за ажурноста на судот и на судиите поединачно за нивното ефикасно и квалитетно извршување на задачите и друго.

# ***ОБЕМ НА РАБОТА***

Во извештајниот период во Основниот суд во Кичево вкупно во работа имаше 25.992 предмети, што претставува зголемување на бројот на предмети во однос на претходната година за 17о предмети или о,66 %. Од вкупниот број на предмети , пренесени како нерешени од претходната година беа 37о7 предмети во кој број влегуваат и предметите кои не се регистрираат а се со ознака укинати предмети , додека пак 22.285 предмети се како ново примени предмети во текот на годината,што е за 59 предмети или о,26% повеќе во споредба со претходната година. Од вкупниот број на предмети што беа во работа беа решени 17.389 предмети, а на крајот на 2оо6 година останаа за решавање 86о3 предмети како нерешени и истите потекнуваат од неприкажаните извршни предмети во претходните години.

## ***I.РАБОТА ПО КОНКРЕТНИ ПРЕДМЕТИ -АЖУРНОСТ***

А).КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

Во кривичниот оддел во Основниот суд во Кичево припаѓа работата по кривичните предмети за полнолетни и малолетни лица, истрагите, истражните дејствија, замолниците , прекршочните предмети , извршување на казните и предмети од работа на кривичниот совет кој постапува надвор од главен претрес,како и работата на советот за условен отпуст кој исто така расправа вон главен претрес. Во овој оддел функцијата ја извршуваат претседателот на судот и 8 судии, при што 4 судии постапуваа по прекршочни предмети,4 судии по кривични предмети и прекршочни предмети . Скоро сите судии од кривичниот оддел ја покриваа и приправноста на судот како дежурни истражни судии по завршување на работното време, а по претходно донесен распоред од страна на претседателот на судот за секој месец посебно.

1.ИСТРАГИ

Во извештајниот период од овој вид на предмети вкупно во работа беа 91 истраги, од кои 13 предмети беа пренесени како нерешени од претходната година, а 78 предмет се ново примени. Од нив решени се 8о предмети, така да на крајот на годината останале за решавање 11 предмети, што укажува на фактот дека е совладан приливот и е намален бројот на нерешените предмети во споредба со претходната година, поради намалување на приливот на нови предмети . Времетраењето на постапката на истрагите била за сите решени предмети и тоа до 3 месеци во вкупно 61 истрага, од 3-6 месеци, во 12 истраги, од 6 месеци до 1 година во 6 истраги и над 1 година во 1 истрага. Сите нерешените предмети потекнуваат од 2оо6 година и 1 предмет од 2оо5 год. Може да се констатира дека и покрај залагањата за поефиканснo остварување на истражната постапка доаѓа до задоцнување и побавно решавање на предмети во оние

случаеви кога се определени вештачења, каде што вештите лица и органите кој спроведуваат вештачења не ги доставуваат своите наводи и мислења се додека не се изврши целосна исплата на надоместокот за извршено вештачење, а кога како ноторен факт стои дека судот не располага со доволно број средства предвидени во Буџет кој служат за исплатување на овие трошоци.

При спроведувањето на истражната постапка определена е мерката притвор во 7 предмети , 2 предмет за кривично дело по чл.418-Б од КЗ, 6 лице се притворени од кој 1 лице 9 дена, 3 лица по 11 дена, 2 лица по 14 дена, 1 предмет за кривично дело по чл.215 ст.1 од КЗ, 3 лица сите по 1о дена притвор,3 предмети за кривично дело по чл.123 ст.1 од КЗ, 3 лица од кој 1 лице 12 дена, 1 лице 3о дена и 1 лице 1 месец и 3 дена, 1 предмет за кривично дело по чл.268 ст.1 од КЗ, 1 лице , 15 дена притвор.

2.ИСТРАЖНИ ДЕЈСТВИЈА

Во текот на 2оо6 година вкупно во работа беа 1о6 истражни дејствија , од кои 14 се пренесени од претходната година како нерешени, а 92 претставуваат ново примени предмети. Од нив се решени 88 предмети, а на крајот на годината останале за решавање уште 18 предмети. И овие предмети потекнуваат од 2оо6 година. Бројот на предметите од овој вид во однос на претходната година е намален, со тоа е зголемен бројот на нерешените предмети за 4 предмети .И кај овие предмети во поедини случаеви доаѓа до бавност во спроведување на овие дејствија поради истиот факт како и кај истраги.

3.КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ ЗА ПОЛНОЛЕТНИ ЛИЦА

Во текот на извештајната година вкупно во овој суд во работа биле 341 кривични предмети за полнолетни лица, што во однос на претходната година бележи намалување . Од овој број на предмети 67 се пренесени од претходната година како нерешени, а 274 предмети се ново примени. Од вкупниот број на предмети што биле во работа решени се 292 предмети, а на крајот на годината останале за решавање уште 49 предмет, што укажува на фактот дека ново примените предмети се намалени во однос на претходната година, а решените предмети исто така се намалени, при што е совладан приливот на овие предмети .

Од вкупниот број на нерешени предмети од овој вид 47 предмети потекнуваат од 2оо6 година, 1 предмети од 2оо5 година и 1 предмет од 2оо3 година , што укажува дека во судот посто 1 стар предмет од овој вид.

За потенцирање е дека кривичните судии како и истражниот судија во тековната година имале дел во работа и прекршочни предмети.

Донесените пресуди за кривичните дела во текот на извештајната година се однесуваат и тоа: 25 предмети за кривични дела од областа на дела против безбедноста на јавниот сообраќај, 1 предмет за дела против службената должност,12 предмети за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување по чл.353 од КЗ, 2 предмети за кривично дело Недозволено држење на оружје и распрскувачки материи по чл.396 од КЗ, 12 предмети за кривично дело дела против јавниот ред, 6 предмети за кривично дело дела против правниот

сообраќај, 49 предмети за кривично дело дела против животот и телото, 6 предмети за кривично дело дела против слободите и правата, 7 предмети за кривично дело дела против честа и угледот, 2 предмети за кривично дело дела против слободата и моралот, 22 предмети за кривично дело дела против бракот , семејството и децата, 4 предмети за кривично дело дела против здравјето на луѓето, 5 предмети за кривично дело дела против животната средина, 128 предмети за кривично дело дела против имотот, 7 предмети за кривично дело дела против јавните финансии, 4 предмети за кривично дело дела против општата сигурност.

По однос на време траењето на постапката за главните претреси може да се констаатира дека во 218 предмети постапката траела до 3 месеци, во 45 предмети постапката траела од 3-6 месеци, во 25 предмети постапката траела од 6 месеци до 1 година и во 4 предмети постапката траела над 1 година .
.Во работењето на овој суд постои 1 стар предмет кој повеќе пати е укинат од страна на повисокиот суд.

Преглед по кривични дела и број на предмети

| р.бр. | Вид на кр. дела | Бр. пред. | Затворска | Парична | На др. начин |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Злоупотреба на с. полож и овластување | 12 | - | _ | 12 |
| 2. | Дела против здравјето на луѓето | 4 | 1 | _ | 3 |
| 3. | Недозволено држење на оружје или распрч мат. | 2 | 1 | _ | 1 |
| 4. | Дела против безбед. јав. сообраќај | 25 | - | 2 | 23 |
| 5. | Дела против живот и телото | 49 | 2 | 3 | 44 |
| 6. | Дела против имотот | 128 | 5 | 15 | 1о8 |
| 7. | Дела против бракот семејство и деца | 22 | 2 | 2 | 18 |
| 8. | Останати кр. дела | 5о | 1 | 5 | 44 |

4.КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ ЗА МАЛОЛЕТНИ ЛИЦА

Во извештајниот период вкупно во работа имало 14 предмет, од кои нерешни се 3 предмети од претходна година, а 11 предмети се примени во текот на извештајната година. Од овој вид се решени 12 предмети, а останале нерешени 2 предмети.Бројот на ново примените предмети во текот на извештајната година е намален 11 предмети а останува истиот број на остаток на предмети што упатува на заклучок дека совладан е приливот на овие видови на предмети.

5.ИЗВРШУВАЊЕ НА КАЗНИ

Во текот на 2оо6 година во работењето на овој суд биле присутни предмети од овој вид вкупно 1666 предмети , од кои 599 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а 1о67 предмети претставуваат ново примени.

Од вкупниот број на предмети решени се 1149 предмети, а останале за решавање 517 предмети. Од вкупниот број на решени предмети во текот на извештајната година извршени се 66 предмети по правосилни судски одлуки што се однесуваат за кривични санкции по кривични правосилни пресуди,како и 1о82 предмети кој се однесуваат за извршување на прекршочни санкции. Од вкупниот број на нерешени предмети 43 предмети се однесуваат за извршување на кривични санкции по правосилни кривични пресуди, како и 474 предмети за извршување на прекршочни санкции . Од бројот на нерешените предмети за извршување на кривичните санкции во 21 случаеви распишана е централна потерница, бидејќи осудените лица се најдуваат во странство или на непозната адреса и не се достапни на државните органи за нивно доведување, додека пак по 18 предмети издадена е наредба за приведување, а во 3 случаеви доставен е упатен акт за извршување на казната затвор. По 1 случаеви од овој вид на предмети во текот на годината одложено е извршување на казната по барање на осудените лица . Нерешените предмети каде се бара извршување на прекршочна санкција во 469 случаеви издадена е наредба за приведување на осудените лица, а за 5 предмети доставен е упатен акт за извршување на санкцијата. Во сите овие предмети паричната казна на осудените лица е заменета со казна затвор поради неплаќање на паричната казна заради што е пристапено кон ваков начин на извршување на оваа санкција.

6.ПРЕКРШОЧНИ ПРЕДМЕТИ

Во текот на извештајниот период во работењето на Основниот суд во Кичево имаше вкупно 8716 предмети од овој вид од кои 1285 предмети се затекнати како нерешени од претходната година, додека 7431 предмети се ново примени. Од овој број на предмети решени се 7727 предмети, така што на крајот на годината останале за решавање 989 предмет. Сите нерешените предмети потекнуваат од 2оо6 година.Ново примените предмети во споредба со претходната година белажат намалување за 3668 предмети додека пак бројот на решените предмети во текот на извештајната година во споредба со претходната година е намален што е резултат на намалување на приливот на ново примени. Остатокот на овие видови на предмети претставува обемна работа за приближно 1 месец што укажува на фактот дека по однос на овие предмети судот е апсолутно ажурен. Од вкупниот број на решени предмети 7727 во 6781 случаеви донесена е мериторна одлука, а во 946 предмети постапката е завршена на друг начин, со отфрлање на пријавата, поради повлекување и слично. Во текот на извештајниот период од овој вид на предмети не се донесени одлуки со кој што е утврдено застарување на прекршокот, што упатува на заклучок дека судот ефикасно делувал во разрашувањето на прекршочните предемети.

7.ЗАМОЛНИЦИ ПО КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ

Во извештајната година од овој вид на предмети вкупно во работа биле 14 предмети, од кој ново примени се 13 предмети, а 1 е пренесен од 2оо5 година и сите 14 предмети се решени во тековната година.

Б).ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

Во граѓанскиот оддел на овој суд во текот на извештајната година во работа беа процесни предмети , стопански, стечаи и ликвидации, извршни

предмети, вонпроцесни предмети, регистрации, платни налози, тапии , интабулации, заверки, замолници и друго. Работењето во овој оддел го извршуваа 8 судии од кој 1 судија беше извршен судија, 3 судии одлучуваа во стечаите и ликвидациите ,а другите судии решаваа во другите постапки комбинирано, процесни, стопански, вонпроцесни и сл.

1.ПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ

Во текот на 2оо6 година во овој суд вкупно во работа имаше 1172 предмети од овој вид од кои 391 предмети се пренесени како нерешени од претходна година, а 781 предмети се ново промени. Од вкупниот број на предмети решени се во извештајниот период 865 предмети, а на крајот на годината останаа за решавање 3о7 предмети. Ваквите показатели укажуваат да бројот на ново примените предмети е намален во однос на предхотната година додека решените предмети во текот на оваа година во споредба со претходната година бележи исто ниво, а остатокот нерешени предмети е намален во споредба со претходната година ,што укажува на околноста дека кај овие предмети е совладан приливот и е решен дел од заостатокот, а имајќи во предвид да овој број на предмети може да се реши за околу 2-3 месеци кај овој вид на предмети постои ажурност и судот е ефикасен .

Од вкупниот број на нерешени процесни предмети, 268 предмети потекнуваат од 2оо6 година,а нерешени процесни предмети 25 предмети потекнуваат од 2оо5 година 12 предмети од 2оо4 година, 2 предмети потекнуваат од 2оо3 година ,што укажува дека за разлика од претходната година каде останале нерешени 391 парнични предмети, во тековната 2оо6 година овој број е намален за 84 предмети.

Процесните предмети кој се решени во текот на 2оо6 година со пресуда е одлучено по 543 предмети, во 79 случај постигната е судска спогодба, и 243 предмети се завршени на друг начин.

Поднесени жалби на процесни одлуки се 518 што укажува на фактот дека голем број на судски одлуки странките ги обжалуваат до повисокиот второстепен суд.

Од завршените парнични предмети во текот на 2оо6 година 164 предмети биле од областа на работните односи, од кои 142 предмети се решени со пресуда, 15 со спогодба и 7 на друг начин. Понатаму се присутни брачните и семејни спорови со вкупно 144 предмет од кој со пресуда завршиле 13о предмети, со спогодба 4 предмети , а 1о предмети биле решени на друг начин. Најмногу бројни во извештајниот период биле спорови од сопственички и други стварни права и тоа вкупно 249 од кои 2о4 предмети завршиле со пресуда, 18 со спогодба , а 27 предмети биле решени на друг начин. Од областа на облигационите односи завршени биле 2о8 предмети, од кои со пресуда се одлучило во 149 случаеви, со спогодба по 26 предмети и во 33 случаеви е одлучено на друг начин.

Што се однесува пак до време траењето на постапката карактеристично е дека работните спорови во најголем број оваа постапка трае до 1 година, а во случај кога се работи за поништување на решение за престанок на работен однос постапката трае повеќе од 1 година, додека споровите околу исплата на плати и

други надоместоци траат околу 6 месеци. Семејните спорови траат околу 3 месеци , сопственичките спорови и оние кој произлегуваат од Законот за облигациони односи траат од 3 до 6 месеци.

Подетално време траењето на постапката на овие видови на предмети е следен:

Времетраење на постапката

| | Р.пресуди | Р.спогодба | Р.на друг.начин | до 3 м. | 3м-6м | 6м-1 г. | над 1 г. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Работни спорови | 142 | 15 | 7 | 38 | 59 | 42 | 25 |
| 2.Брачни и семејни спорови | 13о | 4 | 1о | 128 | 11 | 5 | - |
| 3.Споров.обл. односи | 149 | 26 | 33 | 151 | 32 | 14 | 11 |
| 4.Спор. сопств. и други стварни права | 2о4 | 18 | 27 | 161 | 48 | 26 | 14 |
| 5.Стопански спорови | 66 | 9 | 3 2 | 25 | 45 | 3о | 7 |

2.СТОПАНСКИ ПРЕДМЕТИ

На 31.12.2оо5 година останале нерешени 57 стопански предмети, а во текот на 2оо6 година биле ново примени 137 или вкупно во работа во тековната година биле 194 предмети. Од нив се решени во извештајната година 1о7, а на крајот на 31.12.2оо6 година останале нерешени 87 предмети.

Од нерешените 87 предмети , 7о предмети потекнуваат од 2оо6, година ,8 предмети потекнуваат од 2оо5 година и 9 предмети потекнуваат од 2оо4 година, што значи во тековната година стари предмети нема и во овој дел не е совладан приливот на овој вид на предмети, но со оглед да во извештајната година се примени поголем број на предмети укажува дека сепак постои ажурност во работењето.

Од овој вид на предмети кој се решени во текот на 2оо6 година, 66 предмети се завршени со пресуда, додека 41 предмети се завршени по пат на спогодба или пак на друг начин. Од овие видови на предмети кој се решени во извештајниот период во најголем дел се однесуваат за нерасчистени должничко доверителкски односи помеѓу правни лица , кој односи настануваат од нивното меѓусебно работење, аисто така се бара остварување надомест на штета, и слично. Постапката по завршените стопански спорови во најголемиот број траела до 6 месеци.

3.ПРОЦЕСНИ И СТОПАНСКИ ПРЕДМЕТИ - УКИНАТИ

Во текот на 2оо6 година во работењето на овој суд биле присутни 264 предмети кои се процесни и стопански предмети укинати. Од нив 56 потекнуваат од претходна година, а 2о8 предмети се како ново примени . Од овој број на предмети во текот на извештајната година решени се 248 предмети , а 16

предмети останале за решавање за наредниот период. Ова укажува дека кај овие предмети е совладан приливот и е решен дел од заостатокот на овие предмети, што упатува на заклучокот во овој дел постои ажурност на судот и ефикасност во решавање на овие предмети.

Од вкупниот број на нерешени предмети од овој вид 1 потекнуваат од 2оо6 година,5 од 2оо5 година,2 предмети од 2оо4 година,2 предмети од 2оо3 година , 1 предмет од 2оо2 година, 2 предмети од 2оо1 година, 1 предмети од 2ооо година , 1 предмет од 1998 година и 1 предмет од 1994 година,а кое нешто укажува дека иако квалитетот на пресудувањето во извештајната година е на истото ниво сепак тој квалитет зборува дека судиите постигнале добри резултати од фактот што во извештајната година ангажирањето на судиите беше посебно насочено кон решавање на стари предмети кои одеа по жалба пред повисокиот суд и во жалбената постапка од страна на повисокиот суд голем број на предмети беа укинувани .Така да програмата за решавање на старите предмети во извештајната година во претежен дел се исполни со решавање на поголем дел на овие предмети, а предметите од овој вид што се од постар датум треба да добијат приоритет во решавањето во наредниот период.

4.СТЕЧАИ И ЛИКВИДАЦИИ

На о1.о1.2оо6 година како остаток од претходната година вакви предмети биле 172 , а во текот на 2оо6 година биле примени 121 предмет, или вкупно во работа 293 стечаи. Од нив во 2оо6 година решени се 27о предмети, а на крајот на годината останале нерешени 23 предмети.Ова укажува споредбено со 2оо5 година дека е намален приливот на ново примени предмети, но гледајќи го остатокот на нерешени предмети постои ажурност и ефикасност во решавање на овие предмети. Од вкупниот број на нерешени предмети: 16 предмети потекнуваат од 2оо6 година, 4 предмети потекнуваат од 2оо5 година и 3 предмети потекнуваат од 2оо3 година. Од овие предмети само 3 предмети се од постар датум, каде што постапката трае подолго време поради обжалување на предметите нивно укинување и предмет враќање на повторно одлучување.

5.ПЛАТНИ НАЛОЗИ

После примената на Законот за извршување од месец мај 2оо6 година во овој суд се примени 87о платни налози и во извештајната година толку биле и во работа од кој на крајот на годината 31.12.2оо6 година решени се 864, а останале нерешени 6 платни налози. Времетраењето на постапката во овој вид на предмети траела од 1-3 месеци.

6.ИЗВРШНИ ПРЕДМЕТИ

Кај извршните предмети на крајот на 31.12.2оо5 година останале нерешени 993 предмети. Извршни предмети до овој суд се примаа заклучно до 26.о5.2оо6 година заведени 7911 предмети, што значи вкупно работа биле 89о4 предмети од кои решени се 2394 предмети, а останале за решавање 651о предмети.Овде може да се нагласи дека постои нереален соодност на нерешени и ново примени предмети, но од причини што во претходните години се прикажувале како решени предмети повеќе од онаа фактичка состојба каква што била, односно фиктивно се прикажувал бројот на решени предмети,за што и се јавува олкав број на нерешени предмети на крајот на годината.Од нерешените предмети од овој вид 6о16 предмети потекнуваат од 2оо6 година, 18о предмети потекнуваат од 2оо5 година,

18о предмети потекнуваат од 2оо4 година, 12о предмети потекнуваат од 2оо3 година и 14 предмети потекнуваат од 2оо2 година.

7.ПРИГОВОРИ ПРОТИВ НАЛОГ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ

Согласно добиените надлежности со примена на Законот за извршување од ваков вид на предмети сметано од 26.о5.2оо6 година примени се вкупно 49 приговори против налозите и заклучоците за извршување донесени од извршителот за Општина Кичево Владо Мицкоски и истите заклучно до 31.12.2оо6 година се решени односно Претседателот на судот одлучувал во рокот предвиден согласно Законот за извршување.Од во 36 предмети одлучувал по приговор против налогот за извршување, а во другите останати се давани дозволи за влегување во стан, изрекување на парична казна, барање за одлагање од извршување и ставање предбелешка.

8.ОСТАВИНСКИ ПРЕДМЕТИ

Во извештајниот период во работа на овој суд имало 365 оставински предмети од кој 25 потекнуваат како нерешени од претходна година, а 34о се ново- примени предмети. Од овој број во текот на годината се решени 337 предмети, додека за решавање останале 28 предмети .Споредбено со претходната година овој вид на предмети зголемен е бројот на ново примени предмети, но решени се повеќе предмети од претходната година што укажува на фактот по однос на овие предмети судот е апсолутно ефикасен суд.Нерешените предмети од овој вид се 28 предмети од кои 26 предмети потекнуваат од 2оо6 година, 1 предмет потекнува од 2оо5 година и 1 предмет потекнува од 2оо4 година, при што не постојат стари нерешени предмети од овој вид .

9.ТАПИИ И ИНТАБУЛАЦИИ

Во 2оо6 година во работа во овој суд биле вкупно 89 предмети како ново примени толку биле и во работа од кој на крајот на годината решени се 84, а останале нерешени 5 предмети и сите тие потекнуваат од 2оо6 година.

1о.ОСТАНАТИ ВОНПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ

Во Основниот суд во Кичево во извештајната година од овој вид на предмети вкупно во работа имало 1258 предмети , од кои 3о се затекнати како нерешени од претходниот период, а 1228 предмети се ново примени. Од нив решени 1224 предмети, а за наредниот период останале за решавање уште 34 предмети. Од вкупниот број на нерешени предмети 32 предмети потекнуваат од 2оо6 година, 1 потекнуваат од 2оо5 година, 1 предмет потекнува од 2оо2, а имајќи го во предвид заостатокот на нерешени предмети од претходната година, а исто така и зголемување на бројот на ново примени предмети од овој вид во тековната година укажува дека судот и во оваа врста на предмети е апсолутно ефикасен..

11.ЗАВЕРКИ

На крајот на 2оо5 година во работење на Основниот суд во Кичево од овој вид на предмети нема заостаток, односно сите предмети биле решени. Во 2оо6 година примени се 16о5 предмети и сите се решени, во текот на извештајната година.

12.ЗАМОЛНИЦИ ПО ГРАЃАНСКИ ПРЕДМЕТИ

Во извештајната година од овој вид на предмети вкупно во работа биле 3о предмети , од кој 1 е од претходната година . Во текот на извештајната година решени се 29 предмети, а за решавање останал 1 предмет.

В).ПРЕГЛЕД НА РАБОТА НА СУДИИТЕ - АНГАЖИРАЊЕ НА СУДИИТЕ, ДРУГИ АКТИВНОСТИ И КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Во извештајот за работа на Основен суд Кичево за 2оо6 година поединечната работа на судиите и претседателот на судот по конкретни предмети согласно распоредот за работа прикажано е во табелите кој се составен дел на овој извештај. Во овој дел на извештајот ќе биде аналитички истакната ангажираноста на судиите и ќе биде дадена оценка за нивната активност сврзана со вршењето на судската функција.Ќе биде истакната анализа на завршени предмети по видови, како и за време траењето на главните претреси - расправи посебно прикажување на старите предмети, како и квалитетот во работењето.

Во извештајниот период во кривичниот оддел имало 95 предмети по кој што била поднесена жалба до повисокиот суд , а по 163 предмети кој биле решени не е поднесена жалба. Од вкупниот број на обжалени одлуки потврдени се 5о одлуки се потврдени или во процент 52,63%, а додека укинати се 31 одлука или во процент 32,63% и преправени се 14 одлуки или во процент 14,74%. Споредбено со ланската година бројот на обжалените одлуки е зголемен за 5 предмети со оглед да во претходната година биле по жалба 9о одлуки на овој суд ,намален е бројот на необжалени одлуки за 79 предмети .Во извештајната година квалитетот во работењето во овој оддел е зголемен,но сепак поединечни судии треба да вложат поголеми напори за подобрување на квалитетот во работењето, а по однос на поединечното ангажирање во кривичниот оддел за секој судија и квалитетот на изготвените одлуки и нивно целосно ангажирање може да се утврди во дадениот преглед во табелата бр. 3 и 11.

Во извештајниот период имало и 48о прекршочни предмети по жалба, а по 63о1 предмет не е поднесена жалба до повисокиот суд.Од вкупниот број на обжалени одлуки 288 се потврдени, или во процент 6о,оо%, 132 одлуки се укинати или во процент 27,5%, а додека 6о одлуки се преправени или 12,5%.Споредбено со ланската година во текот на оваа година бројот на обжалените одлуки е зголемен со оглед да во претходната година по жалба биле 413 одлуки,а додека намален е бројот на необжалени одлуки.Ова нешто укажува дека квалитетот во прекршочното одделение е добар, но сепак треба во оваа година да се вложат поголеми напори поради подобрување на квалитетот во работењето.

Во решавањето на процесните предмети во овој суд во текот на извештајната година може да се коснтатира дека е поголем дел од пристигнатите е совладан. Од донесените одлуки во текот на извештајната година поднесени 518 жалби од кои во 295 случаеви одлуките се потврдени или во процент 56,9%, 3о одлуки се преправени или во процент 5,79%, а додека 193 одлуки се укинати или во процент 37,26%, а останале необжалебни 255 предмети. Во стопанските спорови поднесени се жалби против 43 одлуки , од кои во 23 одлуките се потврдени или во процент 53,49%, 3 одлуки се преправени или во процент 6,98%, а додека 17 одлуки се укинати или во процент 39,53%, а останале необжалени 22 одлуки.Во споредба со претходната година бројот на потврдените предмети е приближно ист имајќи го во предвид фактот да вкупниот број на обжалени предмети е намален,што значи дека и во овој оддел потребно е поголема

ангажираност на секој судија поединечно пред се во целосно пратење на законските прописи, судската пракса како и навремено и квалитетно проучување на предметите како и правилна оценка на доказите и утврдување на фактичката состојба. Што се однесува по однос на вонпроцесните предмети од вкупно решени 326 во извештајната година 41 одлука биле по жалба, од кој 21 одлука се потврдени или 51,22%, 1 одлука е преправена или 2,44%, и 2о одлуки се укинати или 48,78%, а необжалени останале 171 предмет. Од 337 решени оставински предмети 6 предмети биле обжалени од кој 5 одлуки се потврдени или вкупно 83,33%, и 1 е укинат или 16,67%, а останале необжалени 331 предмет.

## *III.РАБОТА ПО ПОПЛАКИТЕ И ПРЕТСТАВКИТЕ*

Во Основниот суд во Кичево во текот на извештајната година вкупно биле поднесени 65 писмени поплаки и претставки, што за разлика од претходната година бележи незначително зголемување на овие поднесоци. Ваквите поднесоци се однесуваат во врска со работата на судот по поедини предмети. Поплаките се упатуваат од странките и тоа директно до судот во писмена и усна форма, а често пати тие се доставуваат и до Министерството за правда, Републичкиот судски совет, Врховниот суд на Република Македонија, до Апелациониот суд Битола, и до други органи.Во случаеви кога овие поднесоци се упатуваат до другите органи тие се проследувани до овој суд со цел да се согледа состојбата во поднесокот и да се даде одговор по наводите изнесени во нив како и да се превземат мерки од страна на судот за отстранување на состојбите доколку тие постојат во таков случај. Така во извештајниот период од Републичкиот судски совет се отстапени 2о претставки , 3 претставки се отстапени од Министерството за правда, 12 од страна на Апелациониот суд Битола, 3 од Врховниот суд на Република Македонија, 5 поплаки од Народен правобранител и 22 поплаки и претставки поднесени од адвокати, физички лица, и други органи како кои истакнуваат показатели што упатуваат на незадоволството на работењето на судот, бавноста во решавањето на предметите ,не објективно одлучување, ненавремено изготвување на одлука и слично.

Од содржината на примените претставки и поплаки се констатира дека тие исклучиво се однесуваат за работа на поединечни предмети при што поголем дел се однесуваат за незадоволство во работењето во извршно одделение , извршни предмети , понатаму на бавност водење на постапката, неизготвување на одлуките и слично. Заради тоа странките бараат побрзо , поефикасно и поквалитетно решавање на предметите. Со цел за испитување на содржината на претставката и поплаката од страна на судот вршена е анализа на наводите во поднесоците, потоа е вршен увид во секој предмет поединечно, след кое се превземаат мерки за ажурирање на постапките, и отклонување на оние појави кој се присутни во работењето на овој суд. За ваквото нешто се составува и писмен одговор до оној орган или до она лице што ја поднесло претставката или поплаката во кој се наведуваат превземените мерки од страна на судот.

Покрај писмено поднесените претставки и поплаки странките често пати во време на приемниот ден за странки се поплакуваат на работењето на судот, односно на поединачно работење на секој судија , после кое исто така се утврдуваат причините кој ги изнесуваат странките и доколку тие постојат се превземаат мерки за нивно отстранување.

Од анализата во пристигнатите претставки и поплаки може да се оцени да во еден дел изнесените наводи се неосновани,и тенденциозни , како и тоа да изнесените факти не ја оцртуваат правата фактичка состојба по однос на

покренатото прашање. Меѓутоа има и такви поднесоци и усни претставки кои укажуваат дека во конкретни случаи непотребно се одолговлечува постапката по поедини предмети , не навремено се изготвува донесената одлука од страна на судиите, заради што претседателот на судот презема мерки за отстранување на овие причини за кое нешто исто така ги известува подносителите на овие претставки.Ваквите мерки и активности се преземаат со единствена цел да се отстранат овие недоследности како и во иднина да не се повторуваат вакви и слични појави , а ваквото нешто се презема согласно овластувањата на претседателот на судот , кои ги има по Законот за судовите и судскиот деловник.

Во поедини претставки странките укажуваат на незадоволство од донесената одлука поради што на нив им е сугерирано дека ваквите работи можат да се отстранат само со поднесување на редовна жалбена постапка во која може да се побиваат неправилностите што ги превзел конкретниот судија при кое нешто е истакнато дека судијата за своето работење е независен и самостоен и во донесената одлука треба да го изнесе своето судиско убедување. Исто така доколку се присутни наводи изнесени во поднесоците претседателот на судот презема мерки за нивно отклонување при што конкретниот предмет се донесува решение за изземање на судијата кој одлучува по тој предмет доколку постојат законски услови при што понатамошниот тек на постапката се дава да ја спроведе друг судија од соодветниот оддел.Ваквото нешто се врши во соработка со претседателот на тој оддел.

## ***IV.ПОПОЛНЕТОСТ НА СИСТЕМАТИЗИРАНИТЕ МЕСТА***

Во Основниот суд во Кичево покрај функцијата што ја извршуваа 17 судии вклучувајќи го и претседателот на судот, се до мај месец 2oo6 година кога се изразни едно судиско место поради разрешување на судија од судска функција, постојат работни места на самостојни судски советници, судски советници, стручни соработници, приправници и други работници што ги извршуваат работите во судот. За таа цел се определени во овој суд согласно Актот за систематизација вкупно 95 работни места вклучувајќи ги и судиите кој број е одреден со Одлука на Собранието на Република Македонија. Судиските работни места вклучвајќи го и претседателот се не пополнети бидејќи 1 судиско место е испразнето во текот на месец мај 2oo6 година.

Од вкупниот број на предвидени работни места со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места во овој суд пополнети се само 48 работни места, додека пак 31 работни места сеуште не се пополнети. Ваквото нешто допринесува да неможе во целост да се остварува функцијата што треба да ја изврши судот во овој момент и тоа своевидно доведува до преоптеретување на поедини вработени кој што извршуваат работни задачи на повеќе работни места. Заради тоа и овој пат сакаме да истакнеме дека во овој суд се предвидени 17 извршители како дактилографи - референти, а пополнети се 14 работни места, што значи неопходно е потребно да се пополнат 3 работни места од овој вид.Исто така не е пополнето работно место секретар на судот кој би ја контролирал работата на администрацијата и ги извршувал сопствените задачи предвидени со актот за систематизација, поради што неговите задачи ги извршуваат други вработени а пред се претседателот на судот . Исто така непополнети се работни места самостојни судски советници, и судски советници, а непополнето е 1 испразнето место раководител во прекршочниот оддел со оглед да вработеното лице скоро пред 3 и пол години оствари услови за старосна пензија, а во текот на 2oo2 година и 1 судски полицаец престана со работење

поради давање на отказ при што доаѓа до нецелосно функционирање на оваа служба, а во текот на претходната година и раководителот на вонпроцесното одделение поради остварување на право на старосна пензија му престана работниот однос, така да и тоа работно место не е пополнето. Имајќи го во предвид ова во најбрз можен рок потребно ќе биде да се пополни и работното место инфомратичар бидејќи овој суд во текот на претходниот период се опреми со компјутерска опрема преку која треба да ги извршува своите задачи од таа свера. Заради тоа надлежнтие министерства пред се Министерството за правда со Министерството за финансии и Републичкот буџетски совет треба да изнајде начин за полнување на работните места, наведените места пред се 5 дактилографски места, 1 информатичар, 1 секретар и 1 раководител во прекршочното одделение,1 раководител на вонпроцесно одделение, стручни соработници , приправници, а се со единствена цел судот поефикасно и поквалитетно ги остварува своите задачи утврдени со Устав и со Закон.

## *V.<u>ФИНАНСИРАЊЕ И ОПРЕМА НА СУДОТ</u>*

Во текот на извештајниот период Основниот суд во Кичево обезбедуваше средства за своето работење предвидени со Буџетот на Република Македонија, а преку определен износ за судската власт , која понатаму преку Републичкиот буџетски совет средствата се програмираат за работа на овој суд, а кои пак средства беа преведувани наменски заради што може да се констатира дека во овој период не постоеја поголеми проблеми во врска со обезбедување и реализирање на средства за лични доходи како на вработените така и на судиите. Исплатата на платите беше редовна и во согласност со нормативите по кој што се исплатуваат овие примања. Меѓутоа во изминатиот период како и во претходните години во судот беше присутен проблемот за обезбедување на средства за материјалните трошоци кое нешто го попречуваше нормалното работење на овој суд.Во текот на годината судот ги немаше извршено своите финансиски обврски на износ од 2.о99.5о1.5о денари , поради што ние лица и органи со кој соработува и се неопходно потребни за секојднедвниот процес на работењето често пати не сакаа да ја извршат своја обврска поради понапред неисплатените обврски.Поради тоа потребно ќе биде да се направат напори за обезбедувње на овој износ како би можел судот да ги исплати достасаните обврски. Во таа смисла судот треба да ги исплати достасаните обврски од претходните години поради што потребно ќе биде да и во наредниот период Министерството за финансии и Судскиот буџетски совет да ги обезбедат бараните средства за покривање на овие ставки со оглед да без целосно обезбедување на средства како што е за материјални трошоци ,хартии,резервни делови, горива, надоместоци за вешти лица, вештачења, за сведоци, судии поротници и слично не би можело ефикасно да се извршува функцијата што е ставена на овој суд согласно Уставот, Законот и Меѓународните договори. Исто така во текот на извештајната година од страна на Министерството за правда не беа обезбедени средства за покривање на потреби на судот , иако тоа треба да обезбеди услови за нормално обезбедување на функцијата на судот , иако во текот на оваа година се јавуваше потреба од инвестирањеи на ова поле посебно во врска со опремување на судот превземање на други работи како што се замена на прозори и врати , доградба на простории и слично. Во текот на претходните години судот се опреми со компјутерска опрема при што прими 37 компјутери, се изгради компјутерски систем, но за да истиот профункционира во целост потребно е пред се да се изнајдат средства за примена на овој систем, а ова бидејќи хартијата, деловите кој се неопходни за функционирање на овој систем се значително поскапи од обичната хартија и машините , а од друга страна за да може да дојде до целосна примена на овој

систем потребно е да се постави и лице кое стручно ќе ги извршува тие задачи, со еден збор треба да се пополни работното место иформатичар, заради тоа е неопходно потребно да се обезбедат штампачи за секој компјутер посебно за судските сали за кабинетите на судиите како би можело ефикасно да се извршува задачата која што му е дадена на судот.Во овој контекст посебно треба да се истакне фактот дека обезбедените 35 компјутери што се во функција се без печатари и наидуваме на тешкотии при ефикасно извршување на задачите.

Сакаме да укажеме на фактот да во овој суд треба да се до потполни компјутерската опрема со уште 5-6 компјутери бидејќи вакви машини не постојат во просториите каде што се сместени дактилографките на кои им е неопходна потреба да извршуваат задачи на компјутер. Понатаму треба да се створат услови за набавка на апрати за климатизирање во сите простирии каде има компјутерска опрема ,бидејќи компјутерскиот систем бара воедначени температури и услови во кои што успешно може да ја извршуваат својата цел и задача.

Во просториите на Основниот суд во Кичево кој треба да се користат за намените на судот и во извештајниот период се сместени други органи кој треба да ги испразнат овие простории. Во долниот дел на судската зграда Јавното правобранителство на Македонија користи 2 простории,а 4 простории користи Основното јавно обвинителство од Кичево, па поради ваквата состојба постои пренатрупаност на вработените во одделни простории при што неможе квалитетно и навремено да се извршуваат задачите кои им се поставуваат на вработените.Доколку пак и во оваа година не се преземат мерки за ослободување на просториите потребно ќе биде да се изнајдат средства со кој ќе се врши доградување на простории во зградата на судот со цел да се намали потребата од просторното сместување на вработените во судската зграда. Посебно сакаме да истакнеме дека загрижувачка е состојбата со просториите каде што е сместена архивата, каде што постои пренатрупаност од предмети при што неможе ефикасно да се спроведува архивската работа, да се пронаоѓаат и систематизираат предмети, да се сместат целосно сите предмети и слично.Исто така има потреба од проширување на просториите односно доградба за да би функционирале сите потреби за непречено судење, односно со оглед да судот со 17 судии има само 5 сали за судење судењето не се одвива редовно.

На ова поле присутен е и проблемот околу замена на старите прозори во скоро сите простории на судот бидејќи дрвната конструкција на прозорите е дотраена, искривена , поради што преку нив влегува, излегува воздух така да не може да дојде до целосно затоплување или обратно поради што во наредниот период треба да се обезбедат средства за поставување на нови делови на прозорите.Присутен е и проблемот на прокапување на судот бидејќи системот за собирање на вода - ќумкови , се целосно оштетени поради терет на снежна покривка заради што ќе треба да се постават нов систем на собирање на вода, како и на кровната конструкција да се постават браници за сопирање и сечење на снежната покривка на кој начин не би доаѓало до оштетување на системот за собирање на вода.

## ***<u>VI.ДРУГИ АКТИВНОСТИ</u>***

Во текот на извештајниот период како и во претходната година покрај претседателот на судот согласно годишниот распоред постои судија кој е определен да води контрола на притворените лица во затворот во Битола, заради што во текот на извештајната година и претседателот на судот и овластениот

судија вршеа посети на притворени лица при што не беше констатирано дека постои нарушување на права на притворено лице од страна на затвор Битола.

Во извештајната година беше остварена целосна соработка со Основното јавно обвинителство од Кичево, Одделението за внатрешни работи од Кичево како и Одделението за внатрешни работи во М.Брод со кои што се остварени заеднички средби и се поставувани прашања и проблеми кој биле присатни во работењето, а ова со единствена цел да се унапреди работата и да доведе до поквалитетно извршување на задачите што ги имаат сите овие органи.

Во текот на извештајната година од страна на судот се оствари целосна соработка со Министерството за правда, со Републичкиот судски совет, со Врховниот суд на Република Македонија, со Апелациониот суд во Битола, како и со други правосудни органи поради што таа соработка треба да се зголеми и продолжи и во наредниот период, а посебно треба да се направат заеднички напори за унапредување на работењето и да се изнајдат мерки и можности за изедначување и пратење на судската праска изнаоѓање на стручна литература која ќе биде корисна за сите судии во Републиката, таа да биде по еднообразна со што би се зајакнал концептот во одлучувањето како на судот така и на секој судија поединечно.

Во Основниот суд во Кичево во текот на 2оо6 година работењето беше покриено и со дежурство во истражното одделение при што судиите кој што се распоредени со распоредот во кривичниот оддел по распоред дежураат во попладневни часови и извршуваат функција на дежурен истражен судија со цел ефикасно, навремено и брзо да се пристапи во случаеви кога е неопходно потребно да се преземат мерки од кој понатаму подоследно би се спровела постапката по евентуални кривични предмети кој би се образувале во врска со таквиот настан.

Во текот на 2оо6 година од страна на овој суд беа определени и се реализираа судски денови на подрачјето на Општината М.Брод и Општината Самоков, така што направен е годишен распоред кој во целост е реализиран со кој се предвидува во секој месец по 4-5 судски денови за одржување на судење во овие места на кој начин странките кој учествуваат во постапката не се оптеретуваат со доаѓање во седиштето на судот бидејќи постои голема оддалеченост на овие краеви од седиштето на судот.

На овој начин се настојување да се обезбеди поголема присутност на странките бидејќи добар дел од тие странки не доаѓаа на расправи и претреси, правдајќи се со големата оддалеченост од нивното место на живеење до седиштето на судот. Заради тоа ваквата работа се покажа како поефикасна иако таквиот начин на судење допринесува до трошење на поголеми средства имајќи во предвид да се големи трошоците околу превозот,затоплувањето на просториите и слично.

## ***VII.ОЦЕНКА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СУДОТ ЗА РАБОТА НА СУДОТ И СУДИИТЕ***

Во текот на извештајната година претседателот на судот презеде мерки и активности за унапредување на работата , зголемување на ефикасноста и ажурноста како и квалитетот во работењето , при што посебно се посвети вниманието на :

-целосно ангажирање на судиите за решавање на поголем број предмети, подобрување на квалитетот во работењето, а посебно разрешување на предметите кој што потекнуваат од постар датум, како и решавање на другите предмети во разумен рок со цел да се унапреди ажурноста, квалитетот и довербата во работењето на судот. Во тој контекс на крајот на секој месец беа разгледувани извештаите за работа на судот, како и на судиите поединечно , вршена е целосна анализа на целокупната работа, изнесувани се недостатоци во работењето како и обврските што треба да ги преземат сите вработени вклучувајќи ги и судиите, со цел за навремено, квалитетно и непристрасно водење на постапките. На ваквите седници на судии покрај извештаите беа разгледувани разни правни прашања кои беа поставувани во секојдневното работење, беа следени и проучувани разни одлуки и становишта , судиите беа запознавани со нормативни и други регулативи.

-Исто така беа одржувани и седници на судии по оддели каде што судиите кој работат во одделите расправаа и заземаа становишта по поедини правни прашања кој се појавуваа во текот на работењето, беше договарано редовно да се проучуваат предметите, кои одат и дојдуваат од по жалба од повисокиот суд, разгледувани беа ревизии и слично ,на кој начин би се запознале со ставовите на повисоките судови , а кое нешто допринесува до идна поквалитетна работа на секој судија поединечно и на судот воопшто .

-Посебно беше укажувано на секој судија да пружи поголеми напори во неговото стручно усовршување, целосно разработување на предметите, навремено и квалитетно изготвување на одлуките на кој начин би се анулирале реагирањата и поплакувањата од странките кој остануваат незадоволни од ваквите работења на поедини судии. Во смисол на тоа укажувано и да се даде приоритет во решавањето на старите предмети кои потекнуваат од претходните години, да се почитува законската одредба околу објавување на одлуките и нивно изготвување во законски рок и слично. Ваквите констации беа утврдувани преку набележување на нерешени предмети посебно стари нерешени предмети при што е барано од секој судија достави извештај и да ги наведе потешкотиите околу бавноста на решавањето на овие предмети.Во самите извештаи се настојуваше да се даде одговор кој се причините што не е разрешена постапката по стариот предмет, што судијата превзел за надминување на оваа проблематика и негово согледување кога истиот пред би се разрешил и постапката правосилно би завршила.

-Се настојуваше да се подобри квалитетот по работењето по сите видови на предмети , посебно беше истакнувано за секој судија треба да пружи поголема ангажираност почнувајќи од проучување на списите на предметот понатаму доследно спроведување на парничната и кривичната постапка, брзо и ефикасно да се спроведат главните расправи и претреси, правилно да се примени материјалното право, додека пак оценката на доказите да биде објективна непристрасна и квалитетна, кое нешто од своја страна ќе допринесе до поквалитетно донесување на одлуки по сите видови на предмети.

-Во текот на извештајниот период се настојуваше да бидат исклучени секакви влијанија од надвор при донесувањето на одлуките , бидејќи основна цел на судијата е да донесе правилна и непристрасна одлука заснована врз слободно судиско убедување и правилна оцена на доказите кое нешто допринесува до правилна примена на Законот.

-Посебно беа превземени мерки и активности со цел да се разрешат старите стечајни предмети кој се во работа кај поедини судии, а при ова да дојде до целосна примена на законските прописи ,при што за постапката што траеше повеќе години да се изнајде начин за нејзино разрешување во кое нешто главно место треба да завземат стечајните судии и стечајниот совет, целосно активирање на стечајните управници кој што судот ги поставува за извршување на таквата должност.Од друга страна неблаговременото разрешување на овие предмети уште повеќе го оптоварува правното лице како и државата која има дел во истото правно лице.Затоа приоритет во наредниот период ќе му се дадат на двата стари стечајни предмети која постапка трае повеќе години и сеуште не е окончана.

-Се настојуваше да не се практикува само изземање на судија од постапување по поедини конкретни предмети, да не се врши размена на предмети меѓу судии, но доколку постојат случаеви каде судија неможе да постапува и постојат оправдани причини за изземање , тоа да се спроведе во законски предвидена постапка, кое нешто ги брише сите сомневања кај странките околу местење на предмети кај поедини судии и слично.

-На полето на наплата на судските такси често пати беше укажувано дака треба да доаѓа до целосна примена на Законот за судски такси, во сите спорови, да се настојува правилно да се утврди вредноста на спорот , а потоа врз вака утврдената вредност да се определи судска такса која треба да се наплати . За таа цел беше определено да при поднесување на секој поднесок од странките се бара наплата на такса , а доколку таксата не се наплати за време на водењето на постапката таа да биде наплатувана во натамошна постапка и овие средства да бидат навремено пренесени на сметка на Буџетот на Република Македонија.

-Повеќе судии, а посебно судиите кој работат на граѓанската материја присуствуваа и активно зедоа учество на советувањата, состаноците и семинарите што ги организираше Здружението на судиите на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија, Апелациониот суд во Битола како и други , при што се настојуваше да на овие советувања присуствуваат поголем број на судии со цел тоа да допринесе до нивно стручно усовршување како и заземање на поединствена судска пракса при разрешување на поедини предмети со поспецифични основи . Исто така од овие советувања беа разгледувани и материјалите кој што беа расправани, така што едукацијата на судиите на ова поле во текот на извештајната година беше присутна и во овој суд.

-И во наредниот период насочувано е да се превземат конкретни мерки при што истакната е потребата да постои поголемо ангажирање на судиите по предметната работа , нивно индивидуално едуцирање, пратење на прописите кој се во примена во време на донесување на одлуката, поквалитетно разработување на предметите како од кривичната така и од граѓанската материја,подобрување на квалитетот во решавањето на секој судија со што би се зголемил и квалитетот на судот во целина, а ова од причина што подолги години на назад квалитетот на работата на Основниот суд во Кичево не задоволува, а ваквиот квалитет не задоволува и кај повеќе од судиите како оние кој работат во кривичната така и оние кој работат во граѓанската материја, а за кое нешто доследно е разработено за секој судии и за судот воопшто во претходниот дел на овој извештај.

-Со цел за унапредување на работењето потребно ќе биде Министерството за правда да превземе повеќе мерки и активности со кој би се довело до стварање на услови за нормално извршување на судската и судиската функција , а ова пред

се околу разрешување на материјално финансиските проблеми. На ова поле ќе биде потребно и да се изнајде стручна литература која ќе биде поадекватно застапена во сите сујбјекти кој учествуваат во процесот на пресудувањето, на кој начин би се воспоставила поединствена судска пракса во пресудувањето на кој начин би се зголемил и квалитетот во решавањето на секој судија и на судот во целост по однос на решавањето на сите предмети. Исто така од страна на повисоките судови Врховниот суд на Република Македонија и Апелациониот суд во Битола треба да продолжат посетите кои што ги остваруват во рамките на своите програми, а и преку Здружението на судиите на Република Македонија заедно со горе наведените судови да продолжи праксата околу спроведување на стручна едукација на судиите и на другите вработени, на кој начин би се постигнала целта што треба да ја остварува судството во нашата Држава.

-За да можат да се реализираат поставените задачи потребно ќе биде и во наредниот период во позитивна смисла да се разрешува и прашањето околу навремено исплатување на платите на судиите и вработените, нивно зголемување, бидејќи примањата на вработените како на судиите така и на судската администрација се значително мали и од своја страна не обезбедуваат услови за нормално егзистирање на сите вработени, а на кој начин негативно влијае врз секојдневното работење на овие субјекти.Ова уште повеќе ако се има во предвид да судиската функција е неспоива со вршење на дополнителни дејности,поради што малите плати на вработените може да допринесе и до појава на корумпираност, подмитливост на ваквите субјекти и слично.

-Во наредниот период треба доследно да се спроведува реализирањето на судскиот буџет при што судовите ќе можат порелаксирано да ја остваруваат својата функција кога е во прашање финансирањето на судот, а пред се треба поцелосно да се прифаќаат програмите на судовите каде што планираат средства за работењето на судот , со тоа што ќе се даде приоритет во текот на наредната година на кадровското екипирање на судот, пополнувањето на неопходните работни места и обезбедување на потребните финансиски средства со кое што судот ќе може да ја осватри својата функција што му припаѓа по Закон. Приоритет треба да се даде и на обезбедување на неисплатените обврски од страна на судот како не би дошло до поднесување на тужби за неисплатени обврски,ненавремено изготвување на наод и мислење од страна на вешти лица, недоаѓање на лица за кој треба да се исплатуваат, надоместоци за доаѓањата и слично. На ваков начин доаѓа и до исплата на поголеми износи како камати, трошкови за водење на постапките на кој начин неосновано се трошат повеќе средства кој не се предвидени во Буџетот.

- Побрзо реорганизирање на судството и завземање на своето место на независно судство на кое поле треба да се изнајдат брзи решенија околу усогласувањето на Законите на финансирањето поставеноста на судот, бришење на онаа предметна работа која доаѓа до неажурност во работењето на судството и се друго кое го попречува нормалното работење на судот, заради тоа на ова поле во наредниот период треба да се посвети посебно внимание во разрешување на овие проблеми и појави.

Сите понапред изнесени согледувања во најголем дел се истакнати во табеларните прегледи каде што изнесените бројки ја изразуваат целокупната работа на Основниот суд во Кичево во текот на 2оо5 година, на работењето на секој судија пооделно, како по однос на квалитет така и по однос на квантитет, а ваквите табеларни прегледи се составен дел на овој извештај. Заради тоа тие се доставуваат во прилог на писмениот изготвен извештај.

Од Заклучоците на стручните колегиуми на повеќе наврати се наметна и барањето што и како колегиум сметаме дека е реално при утврдување на квалитетот на работењето на судиите во сите области да се земаат во предвид и одлуките кој се донесени со пресуди и спогодби, а кои не биле обжалени до повисокиот суд и во тој случај колегиумот смета дека ќе биде утврден поединечно квалитетот односно ќе постои појасна слика за ангажираноста на секој судија поединечно во одделот каде работи.

ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО, Су.бр.о1о3-82/2оо7 од 13.о2.2оо7 година.